Прим: 25.09.2014
Орг. ед.
10 4677 1

# ИЗВЕШТАЈ

**од редовниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп емитуван во периодот од 8 до 14 септември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беше почитувањето на:

- **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, во периодот од 8 до 14 септември 2014 година, **не се констатирани прекршувања** на одредбите за емитување музика утврдени во член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Програмскиот сервис:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик - во анализираната недела емитуваше 26 часа 31 минута и 1 секунда;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 15 часа 26 минути и 20 секунди, а забавната музика со 11 часа 4 минути и 31 секунда;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, се емитувани 5 часа 56 минути и 25 секунди народна музика и 6 часа 34 минути и 53 секунди забавна музика.

*Забелешка: Поради технички проблеми со приемот на сигналот предизвикани од временските неприлики, во анализата не е опфатен последниот ден од седмицата што е предмет на надзор (14 септември 2014 година).*

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*25.09.2014 година*